ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

***Број: 02-15212/I/2***
***26.10.2007 год.***
***С к о п ј е***

***П Р Е Д Л О Г***

# ***ЗАПИСНИК***
## ***од XX -та седница на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 26.10.2007 во 10.00 часот*
*во просториите на*
*Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, државен секретар во Министерството за финансии - заменик претседател;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, пензионер, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член.*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Аљбон Џемаили, претставник од Министерството за здравство-претседател. Отсутен поради патување во странство*
- *М-р Маријана Лончар Велкова, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член. Отсутна поради патување во странство*
- *Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член. Отсутен поради патување во странство*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ*
- *Љатиф Аљиљи, заменик на директорот*
- *Ромела Поповиќ Трајкова, помошник на директорот за финансии*
- *Лазар Трајчев, помошник на директорот за правни работи*
- *Христо Трповски, дипломиран правник во својство на записничар*

*Поради отсуство на претседателот на Управниот одбор Аљбон Џемаили, заменикот на претседателот Снежана Костадиноска Милошеска ја отвори седницата. Утврди дека на седницата присуствуваат четири членови на УО со што се исполнети условите за работење и полноважно одлучување по што го предложи следниот*

***П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н   Р Е Д***

*-Усвојување на записникот од XIX седница на УО одржана на 09.10.2007 година;*

1. *Прераспоредување на буџетите на јавните здравствени установи за 2007;*
2. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство;*
3. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
4. *Ангажирање на консултант за реформа во болничкиот систем;*
5. *Информирање за продадени акции на Фондот од сметката на Централниот депозитар за хартии од вредност;*
6. *Разно*
   - *6.1 Информација од претседателот на Комисијата за ревидирање и дополнување на листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија со мислење од директорот на секторот за фармација во ФЗОМ*
   - *6.2 Барање од „Киро Ќучук“ АД Велес*

*Лазар Трајчев предложи во дневниот ред да се вклучи и предлогот на Одлуката за изменување на Списокот на ортопедски и други помагала како и предлогот на Одлуката за укинување на одлуката за овластување на директорот на ФЗОМ за склучување на договори за одложено плаќање на придонес за задолжително здравствено осигурување.*

*Членовите на Управниот одбор на ФЗОМ овој предлог го прифатија по што едногласно го усвоија следниот*

## *Д Н Е В Е Н   Р Е Д*

*- Усвојување на записникот од XIX седница на УО одржана на 09.10.2007 година;*

1. *Прераспоредување на буџетите на јавните здравствени установи за 2007;*
2. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство;*
3. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
4. *Ангажирање на консултант за реформа во болничкиот систем;*
5. *Информирање за продадени акции на Фондот од сметката на Централниот депозитар за хартии од вредност;*
6. *Одлука за изменување на Списокот на ортопедски и други помагала;*
7. *Одлука за укинување на одлуката за овластување на директорот на ФЗОМ за склучување на договори за одложено плаќање на придонес за задолжително здравствено осигурување;*
8. *Разно*
   *8.1 Информација од претседателот на Комисијата за ревидирање и дополнување на листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија со мислење од директорот на секторот за фармација во ФЗОМ*
   *8.2 Барање од „Киро Ќучук“ АД Велес*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките од дневниот ред.*

*-Усвојување на записникот од XIX седница на УО одржана на 09.10.2007 година;*

*Членовите на Управниот одбор Страшо Наумоски и Снежана Костадиноска Милошеска побараа прецизирање на нивните излагања, и тоа: Страшо Наумоски во точка 10.1, а Снежана Костадиноска Милошеска во точка 1, на крајот на страна 4.*

*По внесувањето на забелешките, Управниот одбор едногласно го усвои записникот од XIX седница.*

***ТОЧКА 1-*** *Прераспоредување на буџетите на јавните здравствени установи за 2007*

*Објаснување по првата точка даде Ромела Поповиќ Трајкова. Таа наведе дека прераспоредувањето на средствата е неопходно за да се овозможи непречено работење на јавните здравствени установи кои се опфатени со предлогот за промена на буџетскиот плафон. Во приложените материјали се гледаат*

*изворите на средствата за прераспределбата. Се работи за заштедени средства и тоа од предвидените средства во ставката ПЗУ и во трошоците за администрација и материјалните трошоци. Анализата покажува дека на тој начин се обезбедени доволно средства со кои ќе се овозможи непречено работење на овие здравствени установи до крајот на годината. Додаде дека не се предлага прераспределба кај оние јавни здравствени установи кои имаат доволно средства и дека прераспределбата во никој случај не се врши заради покривање на долговите на јавните здравствени установи на кои се однесува.*

*Директорот Тренкоски дополни дека во тек е меѓународниот тендер за набавка на лекови и дека добар дел од заштедите се овозможени и со обезбедувањето на пониски цени на лековите преку овој тендер. Додаде дека кај некои ставки од тендерот има само по еден пријавен понудувач и таму цените се повисоки и до 30% од цените во регионот. Поради тоа тие понудувачи ќе бидат повикани и ќе се побара да ја коригираат цената. Инаку ефектот од тендерот е мошне позитивен и останува да се обезбедат пониски цени уште за само три или четири лека. Потоа нагласи дека е особено важно Управниот одбор и менаџментот на Фондот да изнајдат механизми за наградување и стимулирање на јавните здравствени установи кои добро работат.*

*Снежана Костадиноска Милошеска изјави дека сака да ги прокоментира информациите во јавноста во насока дека Фондот штедејќи на средства за лекови купува непроверени лекови како и протестите на одредени категории на здравствени работници. Исто така се шират информации дека Фондот на здравствените установи кои дејноста ја вршат во рурални подрачја не им го исплаќа надоместокот. Предложи точката да се одложи за овие наводи да се испитаат и да се земат предвид нивните ефекти. Потоа додаде дека е создадена клима секој да излегува со свои барања до Фондот кои најчесто се неразумни и изрази стравување дека буџетите на јавните здравствени установи се насочуваат за плати што е пракса што мора да престане. Управниот одбор мора да даде на знаење дека нема да донесува одлуки со кои се исполнуваат ветувања дадени надвор од Фондот.*

*Директорот Тренкоски нагласи оти најголемиот притисок на буџетите на јавните здравствени установи е поради зголемувањето на платите. Додаде дека на некој начин Фондот нема целосна контрола на средствата со кои располага со оглед на различните барања кои ги добива од Владата и Министерството за здравство а кои подразбираат издатоци за одредена намена. Такви се примерите со зголемувањето на капитацијата на стоматолозите, лекарите од примарната здравствена заштита и гинеколозите.*

*Љубиша Каранфиловски истакна дека согласно одлуката на Владата за зголемување на платите во јавниот сектор не е извршено зголемување на платите само во здравството и дека тоа предизвикува незадоволство кај вработените во овој сектор. До јавните здравствени установи не е доставено упатство и тие не знаат како да го пресметаат зголемувањето. Ако нема средства да се реализира одлуката на Владата, Фондот треба јавно да истапи и да објави дека зголемување нема да има.*

*Директорот Тренкоски наведе дека сите релевантни институции се известени дека зголемувањето од 20% едноставно не може да се реализира. Доколку Владата не дотира значителни средства за таа намена неизбежно ќе има намалување на услугите или зголемување на долговите. Смета дека не е правилно во овој момент да се зголемуваат платите кои имаат 80% учество во буџетите на јавните здравствени установи а да се намалуваат средствата за материјални трошоци. Оваа година во здравството имаме зголемување на платите од 21%. Приходите на Фондот тоа не можат да го издржат.*

*Снежана Костадиноска Милошеска објасни дека во одлуката на Владата за зголемување на платите постои одредба дека зголемувањето е поврзано со расположливите средства. Доколку одредена организција нема средства за зголемување, одлуката во однос на неа не може да се реализира.*

*Директорот Тренкоски на ова објасни дека министерот за здравство веќе има потпишано спогодба со синдикатот за зголемување на платите а оваа спогодба има задолжителен карактер.*

*Борис Јосифовски заклучи дека во ситуација кога Фондот не е вклучен во преговорите што ги водат други институции а се однесуваат на средствата што треба да ги издвои Фондот, на Фондот му преостанува спогодбите или да ги реализира или да се спротивстави. Додаде дека ваквите проблеми ќе го следат Фондот се додека не плаќа по услуга туку утврдува буџети и се додека е во позиција да реализира одлуки на други органи.*

*Снежана Костадиноска Милошеска потоа наведе дека штом сме соочени со спогодба со задолжителен карактер нема дилеми дека средствата наменети за јавните здравствени установи треба да бидат наменети за плати.*

*На крајот, Управниот одбор одлучи оваа точка да се одложи за следната седница за кога да се изготви анализа на финансиските показатели на јавните здравствени установи во 2007 година.*

***ТОЧКА 2 -** Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство*

*Објаснување по оваа точка даде Лазар Трајчев. Тој објасни дека за да можат осигурените лица да користат здравствени услуги во странство, пред патувањето, треба да добијат соодветен образец во подрачната служба на Фондот. Овој образец се издава откако претходно осигуреното лице ќе се подложи на преглед и ќе добие уверение за здравствената состојба од установата за трудова медицина. Со предложената измена ќе се овозможи прегледите да се вршат и уверенијата да се издаваат и во други установи во кои работат лекари со соодветна специјализација од областа на трудовата медицина. Тоа се разбира е во интерес на осигурениците на Фондот бидејќи ќе можат на поедноставен начин да го добијат уверението.*

*Според Страшо Наумоски установите за трудова медицина се овластени служби во кои работат стручњаци со соодветна специјализација и искуство. Во своето работење тие применуваат европски стандарди од оваа област. Затоа*

*смета дека ваквата организациона поставеност на соодветен начин ја исполнува својата намена. Според европските стандарди најсоодветно е да се развие мрежа на вакви установи.*

*Директорот Тренковски го изнесе ставот дека Фондот не смее да ги ограничува лекарите кои имаат соодветна специјализација да издаваат потрвди од областа на трудовата медицина.*

*На ова се надоврза Борис Јосифовски кој додаде дека и во самиот предлог на правилникот е предвидено оваа дејност да се врши „со овластување“. Тоа ја отстранува можноста од вршење ваква дејност од нестручни лица.*

*Директорот Тренкоски потврди дека интенцијата на предложената измена е да им овозможи на сите лекари со специјализација од областа на медицината на трудот кои за тоа имаат овластување да издаваат уверенија од таа област. Издавањето на овластувањата за работа пак е во надлежност на министерството за здравство.*

*Борис Јосифовски и Снежана Косттадиноска Милошеска прашаа дали проширувањето на бројот на установи кои издаваат вакви уверенија може да предизвика поголеми трошоци за Фондот.*

*Одговори Лазар Трајчев кој кажа дека единствен ефект ќе биде олеснувањето на добивањето на уверенијата.*

*Потоа членовите на Управниот одбор се согласија дека предложената измена е оправдана.*

*Страшо Наумоски предложи пред да се донесе конечната одлука, да се побара мислење за ова прашање од неколку установи од областа на трудовата медицина како и од Лекарската комора на Македонија и од Македонското лекарско друштво како и од соодветна установа која ги репрезентира интересите на корисниците на услугите.*

*Членовите на Управниот одбор се согласија со предогот, по што едногласно се донесе*

***Заклучок:** Да се побара мислење од ЈЗУ Медицина на трудот, Катедрата за медицина на трудот при Медицинскиот факултет во Скопје, Лекарската комора на Македонија, Македонското лекарско друштво како и од соодветна установа која ги репрезентира интересите на корисниците на услугите. По добивањето на мислењата, предлогот за изменување за Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство повторно да се стави на дневен ред на Управниот одбор.*

***ТОЧКА 3-** Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*По оваа точка објаснување даде директорот Тренкоски. Тој наведе дека во подрачните служби во Дебар и во Неготино има недостаток на соодветен кадар откако некои од вработените се пензионираа. Сеуште се чуствуваат и последиците од прогласувањето на технолошки вишок во 2003 година кога беа отпуштени вкупно 115 лица од кои најголемиот дел со високо образование. Постоечките вработени трпат голем товар и не можат навремено да ги извршуваат обврските. Од таа причина, често таму се упатуваат луѓе од Фондот како помош. Со предложените измени во систематизацијата на работните места, овој проблем ќе се реши.*

*По објаснувањето на директорот, Управниот одбор едногласно донесе*

***ПРАВИЛНИК***
***за измени и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

***ТОЧКА 4-*** *Ангажирање на консултант за реформа во болничкиот систем*

*Објаснување дадоа Ромела Поповиќ Трајкова и директорот Тренкоски. Наведоа дека постои неопходна потреба од ангажирање на консултант за реформите во болничкиот систем, а особено со поделбата на Универзитетскиот клинички центар со одлука на Владата на Република Македонија која во некои свои аспекти а особено со финансиските, се одразува и на работењето на Фондот. Поради тоа Фондот има потреба од ангажирање на стручно лице со темелно познавање на функционирањето на некогашниот Универзитетски клинички центар и финансиските состојби во него. Од предлозите на повеќе консултанти за таа цел најдобро решение е да се ангажира поранешниот директор на Универзитетскиот клинички центар Борче Георгиевски.*

*Членовите на Управниот одбор се согласија со предлогот по што едногласно се донесе*

***ОДЛУКА***
***ангажирање на консултант за реформа во болничкиот систем***

***ТОЧКА 5-*** *Информирање за продадени акции на Фондот од сметката на Централниот депозитар за хартии од вредност*

*Лазар Трајчев го извести Управниот одбор дека Фондот по повеќе основи имал во сопственост хартии од вредност, и тоа акции и обврзници. Некои од нив, како акциите во Комерцијална банка, Силекс банка, Тетовска банка, минатата година биле продадени од Централниот депозитар за хартии од вредност по налог на Министерството за финансии.*

*Директорот Тренкоски побара мислење од Управниот одбор, дали Фондот да побара средствата добиени со продажба да се пренесат на сметката Фондот,*

*односно дали да се побара одговорност од лицата што ја извршиле продажбата без одобрување на Фондот.*

*Снежана Костадиноска Милошеска го извести Управниот одбор дека е запознаена со оваа продажба и објасни дека според стручните служби на Министерството за финансии, постои законски основ за извршената продажба.*

*Лазар Трајчев додаде дека Фондот сеуште има акции и обврзници во сопственост и побара од Управниот одбор да одлучи како со нив да се постапи. Дополни дека Фондот има упатено барање на мислење до Министерството за финансии во врска со ова прашање на кое се чека одговор.*

*Љубиша Каранфиловски праша колкава е вредноста на преостанатите хартии од вредност по што Лазар Трајчев објасни дека некои од акциите не котираат на берзата поради што е тешко нивната вредност да се утврди.*

*Снежана Костадиноска Милошеска предложи дополнително да се проучат одредбите на законските одредби и да се почека одговорот од Министерството за финансии, по што Управниот одбор да решава како да се постапи.*

*Потоа Управниот одбор едногласно заклучи оваа точка од дневниот ред да се одложи и повторно да се стави на дневниот ред кога ќе се добие мислење од Министерството за финансии.*

***ТОЧКА 6-*** *Одлука за изменување на Списокот на ортопедски и други помагала*

*Лазар Трајчев објасни дека со предложеното изменување на Списокот на ортопедски помагала се врши усогласување со правен акт со поголема правна сила (Одлуката за утврдување на референтни цени на ортопедски и други помагала за кои осигурениците можат да остварат право на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија) во кој веќе се внесени цените кои сега треба да се внесат во списокот.*

*По ова, Управниот одбор без дискусија едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување на Списокот на ортопедски и други помагала***

***ТОЧКА 7-*** *Одлука за укинување на Одлуката за овластување на директорот на ФЗОМ за склучување на договори за одложено плаќање на придонес за задолжително здравствено осигурување*

*Лазар Трајчев објасни дека оваа одлука веќе беше разгледувана на XVII седница одржана на 06.09.2007 година. Тогаш Управниот одбор одлучи донесувањето на одлуката да го одложи до потпишувањето на договор за плаќање на заостанатиот придонес за здравствено осигурување на рати помеѓу Фондот и Јавното претпријатие „Македонски Шуми“. Бидејќи договорот сега е потпишан оваа одлука е повторно ставена на дневниот ред. Дополни дека укинувањето на*

*Одлуката е предлошено затоа што нејзиното постоење во услови кога Фондот поведе судки постапки за наплата на долгуваниот придонес само го изложува Фондот односно директорот на притисоци за поинакво уредување на плаќањето на долговите.*

*По ова Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
*за укинување на одлуката за овластување на директорот на ФЗОМ за склучување на договори за одложено плаќање на придонес за задолжително здравствено осигурување*

*Покрај тоа Управниот одбор донесе и*

***Заклучок:***

- *Во иднина, по барањата за договорно уредување на плаќањето на долгуваниот придонес ќе одлучува Управниот одбор.*
- *Управниот одбор ќе разгледува само барања од организации со голем број на вработени кај кои невозможноста за користење на правата од здравственото осигурување поради нередовното плаќање на придонесот за здравствено осигурување предизвикува пошироки социјални импликации.*

***ТОЧКА 8 -*** *Разно:*

***8.1*** *Информација од претседателот на Комисијата за ревидирање и дополнување на листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија со мислење од директорот на секторот за фармација во ФЗОМ*

*Во врска со оваа точка од дневниот ред, Управниот одбор одлучи да ја повика д-р Дијана Никодијевиќ, претседател на Комисијата за ревидирање и дополнување на листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на следната седница на која таа да ја објасни информацијата и членовите на Управниот одбор да можат да поставуваат прашања како за информацијата така и за други прашања од надлежност на Комисијата.*

*Барање од „Киро Ќучук“ АД Велес*

*Управниот одбор го разгледа барањето за овозможување на одложено плаќање на заостанатиот придонес за здравствено осигурување на „Киро Ќучук“ АД Велес.*

*Борис Јосифовски наведе оти смета дека Фондот би требало да бара наплата на заостанат придонес од обврзниците само во случај да издавал сини картони за вработените кај тие обврзници.*

*Со тоа не се согласија Страшо Наумоски, Лазар Трајчев и директорот Георги Тренкоски кои објаснија дека системот на здравственото осигурување во Република Македонија се заснова на принципот на солидарност. Тоа значи дека плаќањето на придонесот е со закон утврдено како задолжително и сите обврзници мора редовно да го плаќаат за да може оние осигурени лица кои имаат потреба од лекување тоа да го добијат.*

*Потоа Управниот одбор едногласно одлучи на „Киро Ќучук“ АД Велес да му се даде рок од два месеци за плаќање на долгуваниот придонес, а доколку тоа не се стори во овој рок, да се поведе судска постапка за наплата на долгот.*

*Управниот одбор заврши со работа во 12.00 часот.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Заменик на Претседателот,***
***Снежана Костадиноска Милошеска***